# О, момче, кажи Бисмиллах (со името на Аллах), јади со десната рака и јади од она што е пред тебе

Од Омер ибн Ебу Селеме, радијаллаху анху, пренесено е дека рекол: „Бев дете што растеше под закрилата на Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и мојата рака често шеташе низ садот (додека јадев), па Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, ми рече: ‚О, момче, кажи Бисмиллах (со името на Аллах), јади со десната рака и јади од она што е пред тебе.‘ Од тогаш па натаму, тоа стана мој начин на јадење.“

[صحيح] [متفق عليه]

Омер ибн Ебу Селеме, радијаллаху анхума, син од жената на Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, Уму Селеме, радијаллаху анха, нè известува дека, додека бил под старателство и грижа на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, тој за време на јадењето ја движел својата рака низ различни делови од садот за да земе храна. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, го поучил на три правила на однесување за време на јадењето: Прво: Да каже „Бисмиллах“ (Со името на Аллах) на почетокот на јадењето. Второ: Да јаде со десната рака. И третото правило: да јаде од страната на садот која е најблиску до (пред) него.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee